СОКОМ

# Ensemble ConTempora

7 декември 2016, 18.00

Сала: Музичка академија - Штип

Министерство за култура
на Република Македонија

СОКОМ

**ПРОГРАМА:** ***Композиции за дувачки квинтет***

**Љубомир Бранолица –** *Македонски револуционерни песни*

**Ференц Фаркаш** (Унгарија) - *Антички танци*

**Стојан Стојков** - *М.С.А.*

**Валентина Велковска Трајановска** – *"Црно сонце"*

**Марин Големинов** (Бугарија) - *Дувачки квинтет бр.2*

**Александар Џамбазов** - *Хумореска*

**За Ансамблот "КонТемпора"**

Ансамблот за современа музика **„ConTempora"** е формиран во 2014 година од страна на Сојузот на композиторите на Македонија – СОКОМ со цел да изведува и промовира нови дела од македонски автори. Идејата за создавањето на ансамблот се наметна како резултат на неодминливата потреба за пополнување на празнината во македонската современа музичка култура и формирање камерен состав кој ќе делува исклучиво на полето на современата музика, премиерно изведувајќи дела на македонски композитори, но и на автори од различни делови на светот. Ансамблот брои дваесет инструменталисти со значително искуство во изведбата на современа музика, и во зависност од репертоарот делува во различни инструментални формации. Премиерниот концерт на „ConTempora" беше одржан во септември 2014 година во рамки на Генералното собрание на Европската асоцијација на композитори и сонграјтери (ECSA) во Скопје. Во изминатите години ансамблот оствари турнеи во Холандија, Белгија, Австрија, Албанија, Бугарија и повеке концерти низ Македонија. Ансамблот, „ConTempora" реализираше и повеќе студиски снимки на новосоздадени дела од композитори од САД, Иран, Италија, Индонезија и други, а на својот досегашен репертоар претстави скоро 50 премиерни дела на автори од Македонија, САД, Италија, Индонезија, Велика Британија, но и композиции од музичката литература на 20. век. Има издадено два компакт диска со дела од македонски композитори.

Ensemble ConTempora

Ensemble ConTempora
Composers' Association of Macedonia
Maksim Gorki 18, 1000, Skopje, R. Macedonia
tel/fax: + 389 (0)2 3119 824
e mail: sokom@sokom.mk, http://sokom.mk

Катерина Бачевска - флејта
Владимир Лазаревски – обоа
Игор Иванов - кларинет
Горан Јанев - хорна
Марјан Милошевски - фагот